# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 2/2024
## 12.02.2024 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Неготино**

Се објавува **Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **12.02.2024** година.

**Бр.09- 238/1**
**12.02.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 24 од Законот за полиција (Службен весник на РМ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и Службен весник на РСМ бр. 294/21 и 89/22), член 36 ст. 1 т. 12 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 79 ст. 1 т. 36 од Статутот на општина Неготино („Сл. Гласник на општина Неготино" бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), а во врска со Листа на кандидати за избор на командир бр. 08-16216 /1 од 09.02.2024 година предложени од страна на МВР на РСМ, Советот на општина Неготино на ден 12.02.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Неготино**

За командир на Полициска станица од општа надлежност Неготино се избира Марјан Грнчаров т.Делчо , државјанин на РСМ , македонец, роден во Неготино на 12.01.1990 година, со живеалиште во Неготино , со завршено високо образование- Факултет за безбедност и 14 години работно искуство во полиција.

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино

.

Образложение

До Советот на општина Неготино од страна на Министерството за внатрешни работи на РСМ е доставена втора листа на кандидати за избор на командир за Полициска станица од општа надлежност Неготино и тоа . Марјан Грнчаров од Неготино ,Васко Митрев од Кавадарци и Живко Димитриевиќ од Неготино с.Криволак.

Советот на општина Неготино на одржаната седница на 12.02.2024 година, за командир на Полициска станица од општа надлежност Неготино со мнозинство гласови од вкупниот број советници го избра Марјан Грнчаров од Неготино, од т.Делчо , државјанин на РСМ , македонец, роден во Неготино на 12.01.1990 година, со живеалиште во Неготино , со завршено високо образование- Факултет за безбедност и 14 години работно искуство во полиција.

Бр. 08-235/3
12.02.2024

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

**СОДРЖИНА**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 2/2024**

1. **Заклучок за објавување на Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Неготино**
2. **Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Неготино**